Врз основа на член 5 и 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14 и 199/14), и членовите 37-к, 37-н и 37-њ од Законот за Јавните претпријатија и во согласност со Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-276/1 од 19.09.2016 год. во Ј.П. „Пазари“ – Битола се објавува:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ Бр. 04-16/2 04.01.2024 год. БИТОЛА

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С 01/2024**
за работно место

1.Работно место реден бр.24-а КДР 03 05 Б01 002 **Одговорен за работа на пазар – 1 (еден) извршител,**
**Општи услови** :
-да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
**Посебни услови**:
Стручни квалификации: најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI – Б степен
Работно искуство: најмалку 3 години работно искуство во струката
-Вид на образование: Високо образование
-Работно време: од 07:00 до 15:00 часот, од понеделник до петок
-Висина на нето плата: 32.236,00 денари.

-Рок за пријавување по Интерниот оглас бр.01/2024 е 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот на огласна табла и web страната на Ј.П. „Пазари“ Битола. Пријавите да се поднесат во Архивата на Ј.П. „Пазари“ - Битола заедно со сите потребни документи за работното место за кои е објавен огласот. Потребно е секој кандидат покрај пријавата за огласот да ги приложи доказите наведени во огласот.

-Постапката по Интерниот оглас се состои од:

- селекција која се спроведува најдоцна 15 (петнаесет) дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите и
- интервју.

За кандидатите кои се пријавиле на интерниот оглас, а не ги исполнуваат условите по огласот, постапката завршува при селекцијата од страна на Комисијата.

-Пријави може да се подигнат во Архивата на Ј.П. „Пазари“ - Битола.

***НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

**ВД Директор**
**Илче Здравески**

**Да се достави до:**
**Архива**
**Одделение за човечки ресурси**
**Огласна табла**
**Web страна на претпријатието**